

Господ Исус Христос е Бог Синот



Исус Христос е вечен Свештеник

# Господ Исус Христос

**Серија со основните доктринарни лекции**



Синот Божји стана човек



Господ Исус Христос- Учителот



Тој е Цар засекогаш

# Господ
# Исус
# Христос

**Серија со основните доктринарни лекции**

**Автор:** **Џенифер Гован**
**Илустрации:** **Диди Греинер**

ВАЖНО!
Илустрациите за овие серии можат да се купат од повеќето канцеларии на МЕД и онлајн продавници. За да најдеш список на канцелариите на МЕД, како и на онлајн продавниците, посети ја страницата www.teachkids.eu/mk и кликни на „Локации“.

Copyright © 2001 European Child Evangelism Fellowship®
Сите права задржани. Употребено со дозвола.
Смее да се умножува за лична, непрофитна и некомерцијална употреба.
За комплетните детали во врска со правата посети ја страницата www.teachkids.eu/mk

## ПРЕДГОВОР

Секое вистинско евангелизирање е засновано врз признавањето на Исус. Кога ќе го погледнеме евангелизирањето во Новиот завет, гледаме дека апостолите го проповедаат Христос; и ние треба да го правиме истото; треба јасно и едноставно да ги кажеме големите вистини за личноста и делото на Христос. Таа е целта на овие доктринарни лекции.

Оваа серија е предвидена да биде додаток на постојните библиски поуки, особено на оние кои немаат евангелизаторски карактер. Исто така, овие предавања можат да се користат за време на евангелизации и детски кампови, каде што ќе можеме да зборуваме пред многу деца кои не чуле за Господ Исус Христос. Можеш да ги користиш за детски кампови, неделни училишта и на кое да било место каде што редовно се поучуваат деца од Божјото Слово.

Без оглед на ситуацијата, ти предлагам да се држиш до текстот. Ако ја прошириш лекцијата, таа ќе стане долга и здодевна. Идејата е секоја лекција да трае околу осум минути.

Се разбира, учителот нема да ги чита насловите кога ги менува сликите. Насловите ќе станат очигледни во текот на поучувањето. Ако во групата има мали деца, покажи со прст на одредени зборови во текот на предавањето.

Со овие лекции ќе ги поучуваш децата како лично да поверуваат во Исус како во Спасител. Меѓутоа, сигурно ќе има деца кои ќе имаат прашања во врска со тоа. Важно е да им нагласиш дека си подготвен да разговараш со нив по состанокот, а и кажи им каде можат да те најдат. Избегнувај да оставиш впечаток дека тие мора да разговараат со учителот, ако сакаат да поверуваат во Христос.

Зборовите и сликите не се во состојба да ги искажат големите вистини за кои се зборува во лекциите. Уметниците и авторот се свесни за тоа. Сепак, нашата молитва е Бог да ги искористи овие лекции за да доведе повеќе деца кај Спасителот.

## Содржина


ПРВА ЛЕКЦИЈА:
Господ Исус Христос: Син Божји ............ 4
ВТОРА ЛЕКЦИЈА:
Господ Исус Христос: Човек ..................... 6
ТРЕТА ЛЕКЦИЈА:
Господ Исус Христос: Учител .................. 9
ЧЕТВРТА ЛЕКЦИЈА:
Господ Исус Христос: Свештеник .......... 11
ПЕТТА ЛЕКЦИЈА:
Господ Исус Христос:: Цар ..................... 14

## ПРВА ЛЕКЦИЈА:

## ГОСПОД ИСУС ХРИСТОС: СИН БОЖЈИ

***Стихови**: Марко 4:25-41; Марко 2: 1-12; Лука 24:19-21; 36-43; Дела 2: 32-36*

### ЛЕКЦИЈА

### Слика I-1 Каква бура!

Тие беа зафатени од страшна бура! Бродот изгледаше како лушпа од орев фрлана од застрашувачкиот ветар. Водата почна да навлегува од страните. Што да прават? Овие луѓе беа рибари; знаеја како да управуваат со брод; но сега им дојде крајот - ќе се удавеа.

На крајот на бродот имаше еден Човек кој спиеше! Другите го разбудија:

"Учителе, зарем не ти е грижа што ќе се удавиме?" Тој не се исплаши. Мирно се исправи и им проговори на ветрот и брановите: "Тишина, престани" - им заповеда. Одеднаш сè се смири! Другите во бродот беа преплашени: "Кој е овој?", се прашуваа, "па дури и ветрот и морето го слушаат!"

### Слика I-2 "Каков човек!"

"Кој е овој?" - беше прашањето кое си го поставуваа многумина. "Кој е овој човек Исус?" Луѓето многу зборуваа за него.

"Тој ги лекува болните, тие веднаш оздравуваат!"

"Тој насити 5000 луѓе со ручекот на едно момче!"

"Имаше човек кој умре и го закопаа; Исус го поврати во живот и тој е сè уште жив во Бетанија!"

"Кој е Тој? Прави нешта кои може да ги врши само Бог!"

Тука беше тајната! Овој човек, Исус Христос, беше Бог. Тој беше единствениот Син Божји. Тој можеше да им наредува на ветрот и на брановите, бидејќи Тој ги создаде!

Тој беше Бог, затоа имаше сила да ги победи болестите и смртта. Можеше да стори сè, ништо не беше за него тешко. Овој беше Бог, Бог Син, и тој ги вршеше чудата на кои им се восхитуваа луѓето.

Ако ги прашавте луѓето "Од каде е Исус?", ќе ви одговореа: "Од Назарет." Ова е делумно точно, бидејќи Исус Христос дојде од небото. Тој отсекогаш живееше на небото со Бог, неговиот Татко. Тој беше велик и моќен како Татко му. Тој ги создаде сонцето и месечината, ѕвездите и нашиот прекрасен свет. Библијата вели: "Сè стана преку Него!" (Јов. 1, 3)

### Слика I-3 Исус Христос е Бог Син

А сепак, тој се движеше меѓу луѓето и ги поучуваше. Не беше на небото, туку на земјата. Како? Бог пред многу стотици години вети дека Неговиот Син ќе дојде на земјата. Тој им прати на луѓето знаци за полесно да го дочекаат ова случување. Овие знаци се запишани во Стариот завет, првиот дел на Библијата. Таму читаме за некои имиња кои ќе ги има: "Моќен Бог" (Исаија 9, 6) е едно од нив. Бог сака да сфатиме дека Исус Христос е многу повеќе отколку добар и љубезен "Моќен Бог".

Дури и луѓето од Назарет, градот каде растеше Исус Христос, не знаеја кој е Тој. Тие мислеа дека е син на Јосиф и на неговата жена Марија, но не беа во право. Кога Господ Исус го напушти небото за да дојде на земјата, стана човек. Тој дојде како бебе. Марија му беше мајка, но немаше човек како татко. Негов татко е Бог. Тој беше вистинско мало бебе, а постојано беше Бог.

Многу малку луѓе знаеја за ова и затоа се чудеа на прекрасните нешта кои ги вршеше и поучуваше Исус. Каде и да одеше, луѓето

во толпи се собираа околу Него, не сакајќи да пропуштат ниту еден Негов збор.

### Слика I-4 Тој простуваше гревови

Еден ден многу луѓе се собраа во една куќа за да го слушаат Исуса.

Четворица луѓе го донесоа со себе својот парализиран пријател. (Знаете ли што е тоа парализа?)

Тие беа разочарани бидејќи не можеа ниту да се приближат до Исуса. Тогаш на еден од нив му дојде на ум идеја. По скала се качија на покривот од куќата, заедно со болниот пријател. Почнаа брзо да работат и направија дупка на покривот. Полека, полека го спуштаа пријателот со носилата, сè додека тој не се најде пред нозете на Исус. Божјиот Син го погледна благо и му рече: "Синко, ти се простуваат гревовите". Луѓето се зачудија, а некои и се налутија. "Кој е овој што така зборува? Само Бог може да простува". Зошто овие луѓе немаа право да се лутат? (Остави ги децата да одговорат) Да, бидејќи Исус Христос е Бог. Исус сакаше да потврди дека може да простува и гревови. Тој рече: "Стани и земи ја својата постела и оди..." Човекот веднаш го стори тоа! За еден момент, Господ Исус го направи наполно здрав. Штом може да лекува на тој начин, зарем не може да простува и гревови? Се разбира, може! Човекот си отиде дома со простување за сè што направил лошо во животот. Оние кои го видоа ова, извикаа: "Никогаш не сме виделе вакво нешто".

Многу, многу полека, Исусовите пријатели почнаа да сфаќаат кој е Тој. Сè што зборуваше и правеше им покажуваше дека Тој е Бог, единствениот Син Божји.

### Слика I-5 Тој умре за гревовите на светот

За еден ден, нивните надежи паднаа во вода. Него го заковаа на крст и Тој умре. Си мислеа: "Ако беше Божји Син, ова немаше да се случи". Тоа ги фрлаше во жалост и очај. Тие не разбраа дека Синот Божји умре за гревовите на светот. Библијата ни вели дека "Христос умре за нашите гревови" (I Кор. 15, 3). Неговите непријатели беа среќни. "Сега, кога е мртов, никој нема да верува дека беше Бог" - си велеа меѓу себе. Тие не веруваа дека Тој дојде од небото и дека е единствениот Син Божји, а сакаа и другите да ги уверат во тоа. Но за нив претстоеше големо изненадување.

### Слика I-6 Тој воскресна од мртвите

"Исус е повторно жив!" Оваа вест се прошири како шумски пожар. На третиот ден по смртта, некои од неговите пријатели отидоа на местото каде беше погребан, но неговото тело не беше таму. Библијата вели дека "Тој воскресна на третиот ден..."(I Кор.15:4)

Всушност, на третиот ден Тој разговараше со некои од неговите најблиски пријатели, токму кај гробот во кој беше погребан. Тие дури ги видоа и раните од клинците на Неговите раце и нозе. Тие го гледаа, јадеа со Него, го слушаа кога зборуваше. Тие беа сигурни дека Тој е нивниот Господ. Тие беа сигурни дека Тој е Бог Син. Кој друг можеше да воскресне од мртвите? Кога Господ Исус воскресна од мртвите, тоа беше како Бог да вели: "Исус Христос е мој Син".

### Слика I – 7 Тој живее засекогаш

Петар и Марта, деца на ваша возраст, се натпреваруваа на кого ќе му текнат повеќе славни луѓе од минатото.

"Наполеон"

"Гоце Делчев"

"Александар Македонски"

"Кристифор Колумбо"

"Исус Христос" – рече Марта.

"Донекаде имаш право, но тој е сепак поинаков" рече мајка им. "Тој не беше само човек; Тој беше Бог. И Тој не е некој херој од минатото, Тој и денес живее".

Сега и Марта разбра дека Тој е поинаков. "Навистина, никој од тие луѓе не може да стори за нас нешто денес, но Исус може".

"Тоа е вистина. Бидејќи е Бог, може да ти прости за сите гревови и да ти го промени животот. Не можеш да се запознаеш со Наполеон, или Колумбо, но можеш да го запознаеш Исус", додаде мајката. Како е тоа можно? Во Библијата читаме: "А живот вечен е тоа, да те познаат Тебе единствениот вистинит Бог, и испратениот од Тебе Исус Христос". (Јов. 17,3)

### Слика I–8 И ти можеш да го запознаеш

Децата продолжија да си играат, но таа вечер Петар размислуваше за разговорот. Тој не беше среќен со лошото кое постоеше во неговиот живот; знаеше дека често бил непослушен спрема Бог и дека му треба простување. Ниту татко му, ниту мајка му не можеа да го помират со Бог. Сепак, тој знаеше дека Исус може да му прости. Тој се срамеше од својот живот и сакаше да се промени. Исус Христос вети дека ќе му помогне во тоа. Петар навистина сакаше да го прими Господ Исус, единствениот Син Божји, во своето срце.

"Господе Исусе, те молам прости ми за сè што сум згрешил; земи го мојот живот и промени ме. Јас верувам дека ти умре на крстот за мојот грев". Така се молеше Петар. Дали си ти како него? Ако си, зошто не му кажеш на Господ Исус за тоа? Барај од него да ти прости. Верувај му дека ќе те направи таков каков што треба да бидеш. Ако дојдеш кај него, тогаш и ти ќе го запознаеш исус Христос, Синот Божји.

## ВТОРА ЛЕКЦИЈА

### Господ Исус Христос: Човек

***Стихови**: Фил. 2,1 – 11; Лука 1,28–38; Лука 2, 1–7; Матеј 4, 1–11; I Петар 2,24*

### <u>ЛЕКЦИЈА</u>

### Слика II–1 Тоа навистина се случи

Едно утро, за време на појадокот, Петар ѝ рече на Марта: "Читам една интересна книга за еден стар овчар. Тој живеел во една малечка колиба во планината, блиску до овците. Сношти прочитав како една од овците почнала да се однесува многу чудно. Не сакала да биде блиску до стадото; тој не можел да разбере што ѝ е. Си мислел: "Да можев да станам овца, ќе разберев што не е во ред со неа." Но, се разбира, за овчарот беше невозможно да стане овца".

"Но еднаш се случи уште поневозможно нешто" – рече мајката.

"Кога?" – праша зачудено Петар.

"Кога Бог стана човек" – одговори мајката.

"Ти мислиш кога Господ Исус дојде на земјата, нели?" – праша Марта.

"Да, Синот Божји стана човек. Тоа навистина се случи" - објасни мајката.

"Зарем Исус не е постојано на небото заедно со Бог Таткото?" – сега Марта почна да се интересира.

"Да, но тогаш не беше човек. Тој стана човек кога дојде на земјата" – продолжи мајката.

"Јас не бев размислувал за тоа! – рече Петар, "Прекрасно е што Исус беше спремен да стане човек како нас".

### Слика II–2 Синот Божји стана човек

Да видиме како се случи тоа. Бог за Исус подготви тело и Тој се роди како бебе.

Замислете си ја промената која Исус ја почувствува при доаѓањето од небото на оваа планета! Небото е прекрасно место, каде што нема таги, болести и грев. Сепак, Исус Христос го напушти својот прекрасен дом за да живее во нашиот свет, што е полн со таги, болки и грев.

На небото беше богат, но на земјата стана сиромашен. Тој беше роден во штала во која живееја домашните животни. Таа прва ноќ на оваа земја, Тој немаше ниту кревет. Мајка му го положи во јасли (место од каде се храни добитокот), наместо во лулка.

Ова е прекрасно нешто и не е измислено. Библијата ни вели: "Бог се покажа во тело". Ова значи дека Синот Божји беше вистинско малечко бебе. Исто како и другите бебиња, Тој беше слаб и беспомошен, и му требаше мајка за да се грижи за него. Ова беше "Моќниот Бог", Оној кој го создаде светот. Библијата не ни објаснува како се случи тоа, но ни кажува дека е вистина.

### Слика II - 3 Господ Исус порасна

Додека Исус Христос растеше, мораше да научи да оди и да зборува, исто како и ти. Верувам дека си играше со другарите во Назарет; затоа и те разбира кога ти го правиш тоа. Тој знае како е да се има шест, седум, или колку било години. И тој беше на таа возраст.

Кога е сончево и топло, со часови сакаш да си играш надвор. Тогаш доаѓаш дома и велиш: "Мамо, толку сум жеден, дај ми нешто да се напијам". Дали се чувствуваш гладен кога се враќаш од училиште? Можеби навечер, кога уморен си легнуваш в кревет, размислуваш: "Колку ми е убаво!" Господ Исус ги познава тие чувства - и Тој беше гладен и жеден. Се сеќаваш ли дека минатиот пат зборувавме оти Тој спиеше за време на бурата? Сигурно бил многу уморен.

### Слика II- 3 Тој те разбира

Можеби понекогаш на училиште има деца кои ти се лутат и викаат по тебе. Ти се чувствуваш повреден, иако не го покажуваш тоа. Дали некој кажал лага, а ти си настрадал, иако невин? Дали те изневериле пријателите и сега се чувствуваш како да немаш ниту еден? Сето ова те прави тажен. Кога ова ќе му го кажеш на твојот поголем брат, или на татко ти, ти се чини дека тие не разбираат колкав е твојот проблем. Господ Исус точно знае како се чувствуваш. Неговите непријатели кажуваа лоши нешта за Него, кажуваа лаги. Имаше период кога сите пријатели го напуштија. Тој знае како е кога си тажен, Тој разбира.

Кога ќе повеpуваш дека Господ Исус Христос ти ги простил гревовите, Тој станува твој пријател. Тој е секогаш со тебе, те разбира кога си среќен или тажен. Со него можеш да ги поделиш сите свои тајни.

Постои едно чувство кое ти го имаш одвреме навреме, а кое Господ Исус го немаше. Дали се сеќаваш кога од дома зеде пари без знаење на мајка ти и си купи чоколада? Кога ја купи, се скри со неа и во сласт ја изеде. Никој не забележа дека тие пари недостасуваат. Сепак, се чувствуваше несреќен и виновен. Тоа е бидејќи ти прекрши една Божја заповед: "Не кради" Господ Исус Христос никогаш немаше чувство на вина, бидејќи никогаш не згреши. За разлика од другите бебиња, Тој се роди без грев. Додека растеше, немаше грешни мисли, не мамеше во играњето, не беше непослушен. Беше совршен, безгрешен човек.

Големиот Божји непријател, Сатаната, често доаѓаше кај Исус, обидувајќи се да го натера да згреши. И за Исус беше тешко да му каже "не" на Сатаната, но тоа го правеше секогаш.

## Слика II–5 Господ Исус беше искушуван

Еден ден Сатаната го искачи Господ Исус на висока планина од каде што се гледаа големите градови, световските богатства, силните армии, моќните владетели. "Ќе ти го дадам сето ова!" – вети Сатаната, "само ако ми се поклониш". Што требаше да направи Исус? Можеше да го добие целиот свет! "Бегај од мене, Сатано", одговори тој. Божјото Слово вели: "На Господ, твојот Бог, да му се поклонуваш и само нему да му служиш!" Тој му беше постојано послушен на Таткото. Никогаш не му подлегна на Сатаната, иако тој често го наведуваше на грев. Библијата вели: "... кој беше искушуван како и ние, но не згреши!" (Евр. 4,15) Господ Исус беше поинаков од сите луѓе.

## Слика II–6 Тој може да ти помогне

Кога си поверувал дека Господ Исус ти го простил гревот, Тој станува твој пријател. Тој знае колку е тешко на гревот да му се каже "не". Кога си искушуван да препишуваш на час, да се караш со родителите, да бидеш себичен, Тој те разбира. Тој може да ти помогне да му бидеш послушен на Бог и да му кажеш "не" на Сатаната.

## Слика II–7 Тој ги сака грешните

Постоеше многу важна причина зошто Исус Христос, Синот Божји, стана човек. Го направи тоа заради луѓето како ти и јас кои згрешиле пред Бог и ги прекршиле неговите заповеди. Ако Бог сакаше да ни прости, некој мораше да ја понесе на себе казната која ја заслужувавме. Тоа можеше да го стори само некој кој е совршен. Но не постоеше ниту еден доволно добар. Секој кој живеел на оваа земја е роден со грешно срце кое му е непослушно на Бог. Бог ги сака грешните и затоа го прати својот единствен Син да стане човек. Господ Исус беше совршен безгрешен човек. Тој дојде за да биде "замена за грешниците". Што значи "замена"?

Еден ден Петар стана замена за учителката која мораше да излезе од училницата. Иван тркалаше три џамлии по подот. Петар знаеше што ќе се случи ако учителката го види тоа, па оттрча и ги собра. Во тој момент влезе учителката. "Петар, сум рекла дека во училницава е забрането да се игра со џамлии. Ти не ја вршиш должноста што ти ја дадов. За казна, ќе добиеш повеќе за домашна работа".

Иван сакаше да каже што точно се случи, но Петар го стави прстот на уста и му покажа да молчи. Иван имаше проблем претходниот ден, па затоа Петар ја истрпи казната за него. Тој доброволно стана "замена" за Иван.

## Слика II–8 Тој, безгрешниот, умре за грешните

Кога Господ Исус умре на крстот, тој стана доброволна замена за грешните. Тој беше на нивно место и беше казнет за гревовите кои не беа негови. Тоа не можеше да го направи, ако не станеше човек. Библијата вели: "Бидејќи Христос, за да нè приведе кон Бога еднаш пострада за гревовите наши, праведник за неправедните..." (1Пет. 3, 18)

Дали веруваш во Него како во Оној кој врз себе ја зеде ужасната казна која ја заслужуваш за твоите гревови? Уште денес оттргни се од гревот; дојди кај Него и благодари му што стана човек и што умре за тебе. Побарај да ти ги прости гревовите. Ако навистина дојдеш кај Него, тој ќе го избрише твојот грев и ќе стане твој Спасител и пријател.

**ТРЕТА ЛЕКЦИЈА**

## ГОСПОД ИСУС ХРИСТОС: УЧИТЕЛ

***Сшихови**: Машеј 7, 28, 29; Јован 7, 40–52; Јован 6, 66–68; Евр. 1, 1–2*

**<u>ЛЕКЦИЈА</u>**

### Слика III–1 "Фатете го!"

"Одете и затворете го Учителот" – тоа беше наредбата која верските водачи им ја дадоа на војниците. Тие отрчаа да го најдат. Но кога го најдоа, околу него имаше толку народ, што не можеа да му се приближат. Тие застанаа и почнаа да го слушаат. Кога имаа можност да му се приближат и да го фатат, не го направија тоа и кај своите господари се вратија со празни раце. "Зошто не го доведовте?" – запрашаа тие. "Бидејќи никој не зборува како овој човек" – одговорија.

Тоа беше нивната причина зошто не го фатија. Заради тоа, сега беа во невола. Тој беше толку добар учител што тие не сакаа да го фатат.

### Слика III-2 Господ Исус Христос – Учител

Кој беше овој Учител? Да, тоа беше Господ Исус Христос. Тој не предаваше во училиште. Тој поучуваше под ведро небо. Понекогаш, илјадници седеа на трева и го слушаа. Одвреме навреме со себе ги земаше своите 12 ученици и насамо ги поучуваше. Честопати, луѓето се собираа на морскиот брег да го слушаат, па за да може подобро да им зборува, Господ Исус ги поучуваше од кораб, малку оддалечен од брегот. Одвреме - навреме поучуваше во храмот, местото каде луѓето одеа да го слават Бог. Дури и ако отидеше во куќата на некој свој пријател, новоста брзо се ширеше и куќата се полнеше, па Тој ќе почнеше да ги поучува луѓето. Не велеше: "Одете си, сакам да се одморам". Со радост ги поучуваше оние кои сакаа да слушаат.

Каде и да одеше, толпи луѓе го следеа и слушаа. Долго, долго го слушаа, бидејќи никогаш порано немале толку прекрасен учител. Луѓето чувствуваа дека Тој знае за што зборува и затоа не сакаа да пропуштат ниту збор.

### Слика III–3 Тој ја донесе Божјата порака

Што им зборуваше Исус на луѓето кои се собираа околу него? Не ги поучуваше за оние работи кои вие ги учите во училиштето: читање, пишување, математика, биологија, географија. Тој ги учеше нешто многу поважно: како можат да го запознаат Бог. Еден ден, Господ Исус рече: "Јас сум патот, вистината и животот, никој не доаѓа кај Таткото, освен преку мене". (Јов. 14, 6) Неговото учење беше многу јасно: кај Бог може да се дојде само преку Исус Христос.

Зошто требаше да ги учи луѓето како да дојдат до Бог? Зошто можеше да им ја пренесе Божјата порака? Бидејќи Тој дојде од кај Бог. Зборот кој го користиме за да ги опишеме луѓето кои ја носат Божјата порака е "пророк". Пророк беше оној кој зборуваше во името на Бог-посебен Божји гласник. Стотици години порано, Бог испраќаше луѓе да им ја пренесат на луѓето неговата порака; но Исус Христос беше најпрекрасниот "пророк" од сите. Тој беше единствениот Син Божји и зборовите кои ги зборуваше беа Божји зборови. Кога Тој зборуваше беше исто како тоа да го прави Бог. Никогаш немало подобар учител. Затоа не е чудно што луѓето му се восхитуваа кога зборуваше.

Можеби си велиш: "Колку ќе беше добро да бев таму", или, "Сакам Тој да ми беше Учител". И Тој може да ти биде тоа. Господ Исус и денес им зборува на луѓето. Кога ја читаш Библијата, Тој ти зборува. Господ Исус искористи 40 различни луѓе да ја напишат Библијата и да ни каже сè што треба да знаеме. Во Библијата се запишани и Неговите зборови, додека беше на

земјата. Затоа, ако сакаш Господ Исус да биде твој учител, читај ја Библијата; слушај кога некој ја објаснува. На тој начин ќе ги следиш поуките кои ги даде Господ Исус.

### Слика III–4 Тој е вистината

Петар имаше проблем. Еден ден, на телевизија зборуваа за рибите, и тогаш слушна нешто чудно. "Сите сме ја чуле измислицата за Јона, кој беше проголтан од една голема риба". "Измислица?" – си помисли Петар, "зарем случката со Јона не е вистина?" Петар беше збунет и го праша татко си. Тој му одговори: "Да видиме што вели за тоа Исус. " Заедно прочитаа оти во Библијата Господ Исус вели дека, како што Јона беше во стомакот на рибата три дена, така и Тој ќе биде закопан три дена. (Мат. 12, 40) "Значи, Господ Исус тврди дека случката со Јона е вистинита", извика Петар, "а Исус не греши!" "Да, тоа докажува дека Исус во целост го прифаќаше Стариот завет како вистинит, а тоа беше единствениот дел од Библијата кој постоеше во тоа време", објасни таткото. Петар требаше да научи дека Исус Христос е оној, кој ни ја носи Божјата порака. Ако некој ни каже нешто што е во спротивност на она што го кажуваше Христос, мора да му веруваме на Исус, а не на тој човек. Исус рече: "Јас сум вистината" – Тој е Оној чија наука треба да ја веруваме и слушаме. Тој е учителот во кој можеме да имаме доверба. Ќе слушнете и поинакви мислења. Од каде ќе знаете дали се точни? Проверете што вели Библијата; таму се запишани зборовите на најголемиот Учител, Исус Христос. Ако му верувате и сте му послушни, можете да бидете сигурни дека сте ја пронашле вистината.

### Слика III–5 Тој има зборови на вечен живот

И учениците на Господ Исус почнуваа да го разбираат ова. Што повеќе го слушаа, стануваа сè поубедени дека Неговите зборови доаѓаат од Бог. Но сите не веруваа. Имаше луѓе кои не сакаа да им бидат послушни на Исусовите зборови и затоа престанаа да го слушаат. Други пак си мислеа: "Не му верувам" и престанаа да го следат. Еден ден, Господ Исус им постави на учениците едно многу важно прашање: "Да не сакате и вие да си отидете?" Петар одговори: "Господи, кај кого ќе отидеме? Ти имаш зборови за живот вечен! (Јован 6: 68) "Петар и учениците знаеја дека Исус ги учи како да го запознаат Бог, како да добијат живот кој го дава само Бог. Тој беше вистинскиот Учител и тие не сакаа да го напуштат.

### Слика III–6 Тој е најважниот Учител

Кога сте во училиште, понекогаш не го слушате учителот со внимание. А што се случува кога нема да разберете што сте учеле? Не добивате добри оцени. Можеби и ќе ве искараат. Важно е да се биде внимателен в училиште, но многу, многу поважно е да се слуша Господ Исус Христос. Ако го слушаш, во твојот живот ќе настапи голема, голема промена. Ако го слушаш и му бидеш послушен на овој голем Учител, ќе живееш живот во кој ќе се отстрануваш од гревот, бидејќи Тој го бара тоа од тебе. Ќе му веруваш дека ти простил. Ќе му бидеш послушен кога си дома, кога играш, кога си на училиште. Ќе добиеш вечен живот и ќе живееш со Бог засекогаш.

Ако го слушаш, а не му се покоруваш на овој голем Учител, нема да живееш живот угоден на Бог. Нема да ти е простено за гревовите. Нема да си засекогаш со Бог.

Дали си подготвен да го слушаш и да му се покоруваш на Господ Исус? Дали сакаш да ти е учител? Многу, многу е важно да одговориш со "да".

### Слика III–7 Тој треба секогаш да е твој Учител

Понекогаш е добро да се преместиш во друга паралелка и да имаш друг учител. Зарем не е прекрасно да се сонува дека ќе

дојде ден без часови и домашни задачи? Ќе завршите со учењето и нема веќе да има учители да ви кажуваат што треба да правите! Но ако Господ Исус е ваш учител, вие нема да сакате да се измени тоа. Никогаш нема да престанете да учите, бидејќи тој ќе ви покажува нови нешта преку целиот живот, па и кога ќе остарите.

Значи, ако Господ Исус е твој Спасител, треба да учиш секојдневно. Секој ден прочитај по малку од Библијата. Прави го она што од тебе го бара Господ Исус. Пронајди место каде повеќе ќе научиш за Него.

### Слика III–8 Дали е твој Учител?

Понекогаш луѓето прават голема грешка. Тие се обидуваат да ги вршат оние работи кои Бог ги бара од нив. Се обидуваат да ги сакаат луѓето кои не им се симпатични, се обидуваат да бидат љубезни. Но, заборават на останатите Исусови поуки. Тој не рече дека ако вршиме одредени работи ќе станеме христијани. Тој рече дека луѓето мора да поверуваат во Него, ако сакаат да добијат вечен живот, па дури тогаш да почнат да живеат живот каков што треба. Библијата вели: "Кој верува во Синот, има вечен живот... (Јован 3: 36а). Ако сакаме да живееме живот достоен за Него, прво мора да му допуштиме да стане наш Спасител. Затоа, размисли дали си му послушен во ова.

Можеби досега Господ Исус не бил твој Спасител и Учител, а сега сакаш да стане тоа. Дали си подготвен да се одвратиш од гревот и да поверуваш во Него како во свој Спасител? Дали си подготвен да веруваш во Неговото Слово и да му бидеш послушен? Дали сакаш Исус од денес да ти биде Спасител и Учител? Можеш да му го кажеш тоа уште сега. Библијата вели: "Денес е денот за спасение" (II Кор. 6: 2).

## ЧЕТВРТА ЛЕКЦИЈА

## ГОСПОД ИСУС ХРИСТОС: СВЕШТЕНИК

***Стихови**: Евреите 2, 17, 18; 4, 14–16; Евреите 7, 23–28; 10, 11–12; Лука 22, 31–24, 54–62*

### ЛЕКЦИЈА

### Слика IV-1 Невола!

Влезе Петар, многу намуртен и несреќен. Тој и Марта беа на гости кај братучедите Весна и Филип.

"Што не е во ред?" - праша Марта.

"Скршив два прозорци на гаражата".

"О, не!" - извика Филип, "зарем тато не ти кажа да не играш таму?

"Ми кажа" - промрмори Петар, "сега сум во невола. Што да правам?... Весна, ќе му кажеш ли на татко ти што се случи?"

Настапија неколку моменти на молчење. Весна се сожали над Петар. Тој навистина беше во невола. Можеби ќе беше подобро ако таа прва му кажеше на татко ѝ. Таа требаше да биде нешто како "посредник", кој навистина му беше потребен на Петар. "Во ред, ќе му кажам" - се согласи таа.

### Слика IV-2 И тебе ти треба посредник

Знаеш ли дека и тебе ти треба посредник? Исто како што имаше лоши работи меѓу вујкото на Петар и самиот тој, постојат нешта меѓу тебе и Бог кои не се добри. Бог во Библијата заповеда дека треба да Го сакаш секогаш, со секој свој дел. Но ти не го правиш тоа. Има денови кога и не помислуваш на Бог.

Секој од нас прави работи кои не го задоволуваат Бог. Многу пати вашите пријатели, велосипедот, играчките ви се поважни од Него. Бог заповеда да ги сакаме

другите како самите себе! Сепак, многу од вас им се одмаздуваат на оние кои ви згрешиле нешто. Вие ги кршите Божјите заповеди и таа непослушност ве одвојува од Бог. Бог во Библијата вели: "Туку беззаконијата ваши ве одвоија од вашиот Бог, и гревовите ваши го скрија лицето Негово од вас, за да не ве слуша" (Ис. 59: 2). Штом има проблем меѓу вас и Бог, вината е ваша. Ви треба посредник за да го решите овој голем проблем.

Многу, многу одамна, Божјите избрани луѓе - Евреите, го имаа истиот проблем. И тие Му беа непослушни на Бог и гревот ги одвојуваше од Него. Бог им кажа што треба да прават. Требаше да се одберат луѓе кои ќе служеа како посредници.

### Слика IV-3 Многу одамна имаше многу свештеници

Кога луѓето сакаа да им се прости некој грев, тие ќе донесеа некое животно кај тие луѓе. Човекот ќе го убиеше животното и тоа ќе умреше на местото на оној кој бил непослушен пред Бог. Мораше да се пролее крв, бидејќи Бог рече: "И без пролевање на крв, нема простување" (Евреите 9: 22). Тоа значи, без да се принесе крв нема да има простување на гревот. Се разбира, крвта на животното никогаш навистина не можеше да го избрише човековиот грев. Тоа беше слика на нешто многу прекрасно кое го имаше подготвено Бог. Убивањето животни се нарекуваше "жртвување" а луѓето кои принесуваа жртви се нарекуваа "свештеници". Свештениците беа врската меѓу луѓето и Бог.

### Слика IV-4 Исус Христос е свештеник за сите времиња

Кога Исус дојде на земјата, на неа имаше околу 20.000 свештеници. Тие беа секојдневно зафатени со принесување жртви за грев. Господ Исус Христос дојде на светот да го заземе местото на сите нив. Но тие не го знаеја тоа. Тој дојде да биде вистински Свештеник засекогаш. Тој дојде за да биде единствениот "посредник". Тој рече: "Никој не доаѓа кај Таткото, освен преку мене" (Јован 14, 6). Тој е единствениот Кој може да ги соедини Бог и луѓето. Исус е единствениот Кој може да го реши тешкиот проблем на твоите гревови, кои те одвојуваат од Бог.

За да биде вистински свештеник и Господ Исус требаше да принесе жртва за гревот. Всушност, Тој дојде да принесе жртва која ќе биде последна и која ќе е доволна за секој грев. Тоа требаше да биде голема жртва, но каква? Животно? Не, таква жртва не беше доволна. Господ Исус знаеше, уште пред да дојде на оваа земја, каква треба да биде жртвата. Требаше да се жртвува Тој, да го даде својот живот, да крвави и умре за да донесе простување на гревовите.

### Слика IV-5 Тој се жртвува Себеси

Токму тоа се случи! Исус Христос, безгрешниот Син Божји беше закован на крст. Тој умре место грешниците и на себе ја понесе ужасната казна од Бог која беше предвидена за нив. Тој ја пролеа својата скапоцена крв, својот живот, за да ни се прости нам. Тоа беше последната жртва за грев која е доволна засекогаш, и не мора да биде повторена. Самиот Господ Исус, пред да умре, извика: "Се сврши". (Јован 19: 30) Библијата вели дека Тој:"... принесе само една жртва за гревовите засекогаш" (Евр. 10: 12). Тој е единствениот Кој може да те помири со Бог. Ако дојдеш кај Него и бараш простување, тој ќе ти прости, бидејќи Тој се жртвуваше за тебе. Колку прекрасен Свештеник! Тој е "посредникот" кој ги задоволува сите наши потреби.

Пред Господ Исус да стане последната жртва за грев, свештениците беа многу зафатени. Не само што принесуваа жртви, туку Му се молеа на Бог за луѓето. Еднаш годишно, најважниот свештеник, првосвештеникот, одеше зад завесата во храмот на едно посебно место каде Бог му зборуваше. Додека беше таму, првосвештеникот се молеше за луѓето. По смртта на Господ Исус, веќе нема потреба за

свештеници кои ќе принесуваат жртви и Му се молат на Бог за луѓето. Исус Христос, големиот првосвештеник стана Тој Кој ги застапува луѓето. Бог го воскресна Својот Син од мртвите и покажа дека сè што беше потребно за да се отстрани гревот е направено на крстот. Воскреснатиот Господ Исус остана на земјата 40 дена, а тогаш отиде: "на самото небо, за да се јави пред лицето на Бог за нас" (Евреите 9: 24).

### Слика IV-6 Тој е во присуството Божје

На небото, овој прекрасен Свештеник се моли за своите луѓе. Тој е заедно со Бог и постојано се моли за своите следбеници. Во Библијата читаме: "Бидејќи е секогаш жив за да се моли за нив" (Евреите 7: 25).

Зарем не е прекрасно да знаеме дека кај Бог постои некој Кој нè разбира? Ние веќе научивме дека Исус стана човек. На небото, Тој е Бог и човек. Тој знае како е да се биде уморен, гладен, болен, Тој ги разбира нашите проблеми, разочарувања, колку ни е тешко да правиме добро. Тој знае за што точно треба да се моли за секој. Можеме да бидеме сигурни дека Бог ќе ги услиша Неговите молитви, бидејќи Тој е единствениот Син Божји, кој ја даде совршената жртва за гревот.

За нас е потребно Господ Исус да се моли, бидејќи имаме силен непријател. Најголем Божји и наш непријател е Сатаната, а тој сака да не ни дозволи да Го следиме Исус Христос. Тој се обиде да го сопре и апостол Петар. Тој го наведе да се заколне дека не го познава Исуса.

### Слика IV-7 Тој се моли за своите

Подоцна, Петар плачеше за тоа што го направи. Тој стана голем проповедник и на мнозина им кажа за Господ Исус Христос. Еден ден, тој беше убиен бидејќи беше Исусов следбеник. Зошто Сатаната не успеа да го "одвлече" Петар? Еден ден, Господ Исус му ја кажа на Петар тајната: "Петре, Сатаната сака да те зграпчи, но Јас се молев да не ослаби верата твоја!" Петар му припаѓаше на Исуса и Тој се молеше за него.

Затоа момчињата и девојчињата кои веруваат во Господ Исус не се разочаруваат кога ќе паднат во тешкотии. Нивниот Свештеник, Господ Исус постојано се моли за нив. Затоа вистинските христијани, кога ќе Го разочараат, доаѓаат кај Него и бараат да им прости. Затоа секој кој искрено верува во Господ Исус како во свој Спасител може да биде сигурен дека оди на небото. Господ Исус постојано се моли за своите. Неговите молитви се секогаш успешни.

### Слика IV-8 Дали е Христос твој Свештеник?

Нашата лекција ја почнавме со проблемот на нашиот грев и потребата од "посредник", некој кој ќе нè оправда пред Бог. Само Исус Христос може да го направи тоа. Дали е Тој твојот Свештеник? Дали веруваш дека Тој е жртвата за твојот грев? Ако навистина сакаш да престанеш да живееш за себе и да почнеш да живееш за Бог, поверувај во Исус денес. Благодари Му што направил толкава жртва за твојот грев, побарај од Него да те оправда пред Бог. Библијата вели: "Затоа Тој може да ги спаси оние што преку Него доаѓаат кон Бога" (Евреите 7: 25). Ако навистина поверуваш во Него, можеш да веруваш дека ти се простени сите гревови. Можеш да си сигурен дека си помирен со Бог. Ќе имаш сигурност дека е твој Свештеник Кој му се моли на Бог за тебе.

## ПЕТТА ЛЕКЦИЈА

## ГОСПОД ИСУС ХРИСТОС: ЦАР

***Стихови**: Лука 1, 32-33; Фил. 2, 1-11; Кол. 1, 12; Јован 18, 36; Откр. 7, 14-17; Евреите 1, 8-14.*

### ЛЕКЦИЈА

### Слика V-1 "Каков Цар?"

"Тој наскоро ќе ги уништи Римјаните кои нѐ поробија и ќе се ослободиме од нив"

"Тој ќе биде голем Цар Кој ќе владее од Ерусалим. Никој нема да може да го победи".

"Кога ќе стане Цар, ние ќе добиеме високи позиции. Тоа е возбудливо!"

Многу од луѓето кои се сретнаа со Исус додека Тој беше на земјата, размислуваа на овој начин.

Такви беа нивните планови, но не и Божјиот. Исус Христос е Цар, но Тој не дојде да владее со некоја земја, да живее во палата и да има армија. Тој дојде да завладее во срцата на луѓето: во мажите, жените и децата. Низ целиот свет има луѓе кои веруваат дека Исус Христос ги ослободил од гревот и тие се во Неговото царство. Тој владее во нивните срца.

### Слика V-2 Постојат две царства

Има многу луѓе кои не се во царството на Господ Исус. Оние кои не веруваат во Него не се во Неговото царство. Тие се во другото царство, во она на Сатаната, големиот Божји непријател. Затоа ним им е толку лесно да зборуваат лоши работи за другите луѓе, да лажат за да се спасат кога направиле нешто лошо. Ако си во тоа царство, самиот не можеш да се ослободиш од него. Ти треба некој посилен од Сатаната за да те спаси. Единствениот кој може да го направи тоа е Господ Исус Христос. Тој е посилен од Сатаната и умре за да ги ослободи луѓето од власта на ѓаволот. Тој е денес жив и може да те спаси. Ако навистина сакаш да бидеш спасен од царството на Сатаната и да бидеш во царството на Исус Христос, барај од Него да те спаси. Оној момент кога ќе поверуваш во Исус, Тој ќе те спаси и ќе ти го прости гревот, па ќе можеш да живееш во Неговото царство. Тогаш ќе почне да владее во твојот живот. Што значи тоа? Она момче, кое порано го спомнавме, Петар, разбра што значи тоа.

### Слика V-3 Господ Исус владее во животот

Во паралелката на Петар имаше едно момче по име Трајче. Често пати тоа му го загорчуваше животот на Петар. Кога учителката не го гледаше, Трајче го удираше Петар по грбот, му ја кубеше косата и му се плазеше. Еден ден Петар црташе слика на брод, која испадна многу добра. Кога се врати во училницата, по одморот, забележа дека ја нема и никој не знаеше каде е. Од злобниот поглед на Трајче, Петар заклучи дека тој направил нешто со неа.

Следната сабота, Марта и Петар се шетаа покрај реката и одеднаш, Петар го забележа велосипедот на Трајче, а малку подолу беше Трајче и ловеше риби. Во главата на Петар почнаа да се јавуваат разни мисли: "Сега имам можност да му го скријам велосипедот, ... да му го земам ѕвончето ... да фрлам камен во водата и да му ги избркам рибите ... "Но, чекај малку! Ако Исус Христос е навистина Цар за Петар, Тој треба да се грижи за тоа како да се однесуваме кон другите. Петар знаеше дека во Библијата пишува: "Не враќајте зло за зло." Петар го послуша својот Цар и продолжи да се шета.

### Слика V-4 Тој менува животи

Марта веруваше дека Господ Исус е нејзин Спасител, значи припаѓаше во Неговото

царство. Сепак, таа не зборуваше со никого. Беше лошо расположена бидејќи мајка ѝ не ѝ дозволи да ја помине ноќта кај една пријателка. Ја изеде вечерата без да погледне во некого, без збор. Ја напушти и отиде в соба, решена да не помогне во миењето на чиниите. Но, штом Исус Христос е нејзин Цар, требаше да биде поинаку, бидејќи требаше да Го послуша Исуса и да се однесува онака како што бара Тој. Што ќе се променеше ако Марта го послушаше Исус? (Дозволете им на децата да дадат свое мислење). Да, таа ќе ја прифатеше одлуката на мајка ѝ; немаше да се мурти; ќе помогнеше во миењето чинии. Кога Господ Исус е твој Цар, Тој ќе го раководи твоето однесување, твоите пријателства, местата каде одиш, мислите што ги имаш. Со читање на Библијата ќе откриеш како треба да живееш по волјата на твојот Цар. Марта требаше да го признае својот грев и да побара од Господ Исус да ѝ прости и да ѝ даде сила да биде послушна.

### Слика V-5 Како Цар, Исус се грижи за своите

Многу, многу одамна, луѓето веруваа дека е многу важно да имаат добар цар. Тие сакаа тој да ги брани кога ќе ги нападнеа непријатели. Знаеја дека тој треба да се грижи дали ќе имаат доволно храна. Исус Христос е најпрекрасниот Цар, Тој се грижи за секој маж, жена и дете во Неговото царство. Тој ги штити од опасности и ништо не може да им се случи, освен ако Тој не го дозволи тоа. Исус понекогаш дозволува да имаме тешкотии во животот, но Тој ветува дека: "сè содејствува за доброто на оние кои го љубат Бога" (Рим. 8: 28). Понекогаш не можеме да разбереме зошто ни се случуваат тешки и лоши работи; сепак, можеме да бидеме сигурни дека нашиот Цар го знае тоа; можеме да веруваме дека сè ќе излезе на добро. На секој од нас ни го дава она што ни е потребно. Ако Господ Исус раководи со твојот живот, имаш голем и прекрасен Цар Кој внимава на тебе кога си играш, работиш или спиеш.

### Слика V-6 Тој е владетел над сè

Исус Христос не е само Цар во срцата и животите на луѓето, Тој е и Цар над царевите. Тој царува над сите владетели и влади во овој свет. Кажете ми една силна земја. (Дозволете им на децата да одговорат). Ние мислиме дека владетелите во тие земји се големи и силни, дека имаат голема моќ. Но кога ќе ги споредите со Господ Исус, тие се мали, слаби и немоќни. Тие владеат толку, колку што ќе им дозволи Царот над царевите. Тој ја има сета власт. Се случува само она, што ќе го дозволи Тој. Исус е Цар над сè, иако многу луѓе не го знаат, или не сакаат да го веруваат тоа. Тој го остварува својот посебен, прекрасен план и никој не може да го сопре.

Многу луѓе не веруваат дека Исус Христос е Цар над царевите. Царевите и владите мислат дека тие владеат со светот и не знаат дека Исус е Цар над сè. Има и момчиња и девојчиња кои мислат дека Тој не е важен. Но доаѓа ден, кога секој ќе признае дека Тој е Цар над царевите.

### Слика V-7 Тој е Цар засекогаш

Еден ден, ние не знаеме кога, Исус Христос ќе се врати за да царува на земјата. Сите луѓе кои дотогаш живееле на земјата ќе го видат Господ Исус Христос и ќе знаат дека Тој е Цар над сè. Многу горди владетели се фалеа: "Јас сум најсилниот", "Јас сум најславниот"; многу деца велеа: "Не го сакаме Исус во нашиот живот". Сепак, сите тие ќе мораат да се поклонат пред Царот над царевите. Библијата вели: "Секое колено ќе се поклони... и секој јазик да исповеда дека Исус Христос е Господ, за слава на Бог Таткото" (Фил. 2, 10-11). Тогаш Исус Христос ќе потврди дека има власт над сите Негови непријатели и ќе ги казни Сатаната и оние во сатанското царство со вечна казна.

**Слика V-8 Дали е твој Цар?**

Секој кој Го има Господ Исус Христос како владетел во животот, вечно ќе живее со Него. Зарем нема да биде прекрасно да се живее со луѓе од целиот свет, од различни векови, со луѓе кои Го сакаат Господ Исус? Но најпрекрасното нешто ќе биде да го видиме нашиот Цар, Господ Исус Христос и да живееме со Него. Ќе можеме да Го славиме и да Му благодариме за сѐ што направил за нас. Таму ќе нема грев, тага, болка или смрт; сѐ ќе биде совршено и прекрасно.

Ти можеби не си сигурен дека Господ Исус е твој Цар. Многу, многу е важно Господ Исус да стане твој Цар уште сега. Дали денес ќе поверуваш во Него, за Тој да те спаси од царството на Сатаната и да те доведе во Своето? Библијата ни ветува: "Нѐ избави од власта на темнината и нѐ воведе во царството на Својот сакан Син" (Кол. 1: 13). Како може да се случи ова? Во своето срце, кажи Му на Исус: "Не сакам повеќе да живеам во царството на Сатаната; Те молам земи ме одовде и очисти го мојот грев. Сакам ти да го водиш мојот живот". Така Тој ќе стане твој Цар засекогаш.